„ПОД ИСТО СОНЦЕ“

# Мултиетнички настан на Саем

На Скопски саем денеска од 10 часот почнува првиот мултиетнички настан „Под исто сонце“, на кој посетителите ќе имаат можност да се запознаат со културата и со традицијата на различните заедници. Ќе бидат претставени народни носии, ракотворби, кулинарски специјалитети и фолклорни игри од различни градови во Македонија. Ќе се дискутира и за исполнувањето на одредбите од Рамковниот договор, положбата на заедниците во Македонија, спецификите на македонскиот мултикултурализам и за европските перспективи.

Како завршница на еднодневниот мултиетнички настан во „Метрополис арената“ од 21 часот до полноќ ќе настапат групите „Бла бла бла“, „Ареа“ и Тони Китановски со „Черкези“. Влезот е бесплатен.